## Претставници од Турската Платежна Агенција во посета на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој



Во периодот од 09-10.11.2015 година во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се одржаа работни средби со претставници од Агенцијата за земјоделство и рурален развој на Република Турција (ARDSI) во насока на унапредување на заедничката соработка и пренесување на искуството на двете агенции во делот на спроведување на ИПАРД Програмата.

За време на работните средби претставници од македонската и турската платежна агенција разменија информации, искуства и знаења во областа на работата на секторите за општи и правни работи, информатичка и комуникациска технологија, надворешна соработка како и одделението за управување со човекови ресурси. Двете агенции ги презентираа своите организациски структури, надлежностите и функциите на секторите, активностите кои се преземаат во однос на имплементација на ИПАРД Програмата како и акредитација на новите мерки 501- Техничка поддршка и 301- Инвестиции во руралната инфраструктура. Во рамки на дводневната посета , претставниците од турската платежна агенција беа во посета на проект поддржан со средства од ИПАРД Програмата Фруктана, компанија за производство, преработка и извоз на овошје и зеленчук.

